# СОДРЖИНА НА КНИГАТА

## ЖИТИЕ НА СТАРЕЦ САВА

ПРЕДГОВОР
ДЕТСТВОТО И ЖИВОТОТ ВО СВЕТОТ
ПРЕД МОНАШТВОТО
ПОЧЕТОК НА СЛУЖЕЊЕТО КАКО СТАРЕЦ
ВО ПСКОВО-ПЕЧЕРСКАТА СВЕТОУСПЕНСКА ОБИТЕЛ
ПОДВИГ ЗА СПАСЕНИЕ НА БЛИЖНИТЕ
ЗАВЕШТАНИЕ НА СТАРЕЦОТ
ПОСЛЕДНИТЕ ГОДИНИ ОД ЖИВОТОТ И СМРТТА

## ПРОПОВЕДИ, СВЕДОШТВА, СОВЕТИ

ПОУКИ НА ПРОПОВЕДИТЕ, ИСПОВЕДИТЕ,
МОЛЕБНИТЕ И ПАРАСТОСИТЕ
СОВЕТИ НА СТАРЕЦОТ И НЕГОВИ ПОУКИ
СОБРАНИ ВРЗ ОСНОВА НА СПОМЕНИТЕ
НА НЕГОВИТЕ ДУХОВНИ ЧЕДА
ЕДЕН ЗБОР ЗА МОНАШТВОТО
ОСНОВИТЕ НА СПАСЕНИЕТО

## ДУХОВНИ ПОУКИ ЗА
## СПАСЕНИЕ ВО СВЕТОТ

ЗАПОМНИ ГО ОНА ШТО Е ВАЖНО ЗА ДУШАТА
СЕКОЈДНЕВНИ ПРАВИЛА
ЗА ШТО ТРЕБА ДА МУ БЛАГОДАРИМЕ НА БОГА
КАКО ДА СЕ ОДНЕСУВАМЕ КОН ДУХОВНИОТ ОТЕЦ
ДУХОВНА ЛЕСТВИЦА НА СВЕТИОТ АПОСТОЛ ПЕТАР
ПОРЕДОК НА ПОБЕДУВАЊЕ НА СТРАСТИТЕ
ШТО Е ТОА СВЕТОСТ
СТРАДАНИЈАТА НА СПАСИТЕЛОТ ИСУС ХРИСТОС
КРСТОТ ХРИСТОВ – ПОБЕДА НАД ЃАВОЛОТ
ЖИВОТОТ ВО СВЕТОТ
КАКО ДА СЕ ОДНЕСУВАМЕ КОН СЕКОЈДНЕВНИТЕ СВЕТСКИ РАБОТИ
КАКО ДА СЕ ОДНЕСУВАМЕ НАВЕЧЕР
КОЕ Е ЗНАЧЕНИЕТО НА "ГОСПОДИ ПОМИЛУЈ"
ДА БИДЕ ВО СЕ ВОЛЈАТА БОЖЈА

ЗА ДОЛГОВЕЧНОСТА
ДВАНАЕСЕТ ЗАПОВЕДИ ЗА СПАСЕНИЕ
СВЕТИОТ ДУХ И НЕГОВИТЕ ДАРОВИ
КАКО НИ ПОМАГА ИСУС ХРИСТОС ДА ОДИМЕ ПО
ПАТОТ КОЈ ВОДИ ВО ЦАРСТВОТО НЕБЕСНО И КАКО
МОЖЕМЕ ДА СЕ ЗДОБИЕМЕ СО ОВАА ПОМОШ
ПОУКА ЗА СМИРЕНОУМИЕТО
ЗА МОЛИТВАТА, ЗА СМИРЕНИЕТО И КРОТОСТА
ЗА ПРОСТОДУШНОСТА (ПРОСТОСРДЕЧНОСТА)
ЗА ПОКАЈАНИЕТО; ПОКАЕН ПЛАЧ
ЗА ЧИТАЊЕТО НА СВЕТОТО ПИСМО,
НА ПОБОЖНИТЕ И СВЕТОВНИ КНИГИ
ПОУКИ ЗА МОНАСИТЕ
СУШТИНАТА НА МОНАШТВОТО
ПОСЛУШНОСТА – ОСНОВА НА МОНАШТВОТО
ДЕВСТВЕНОСТ И ЦЕЛОМУДРЕНОСТ
ЗА НЕСТЕКНУВАЊЕТО; ЗА ГОРДОСТА
ЗА СРЕБРОЉУБИЕТО И ЗА ВРЗУВАЊЕТО ЗА ОВОЗЕМНИТЕ НЕШТА
ЗА МРЗЛИВОСТА
ЗА ГНЕВОТ, РАЗДРАЗЛИВОСТА И ЗЛОПАМТЕЊЕТО
ЗА НЕЗЛОБИВОСТА; ЗА ЛАГАТА; ЗА РОПТАЊЕТО
НЕ ОСУДУВАЈ ГО БЛИЖНИОТ, ОСОБЕНО СВЕШТЕНИКОТ
ЗА СУЕТАТА; ЗА ЛУКАВСТВОТО
ЗА СТОМАКУГОДУВАЊЕТО И ВОЗДРЖУВАЊЕТО
ЗА ПРАЗНОСЛОВИЕТО, БОГОХУЛЕЊЕТО,
СМЕЕЊЕТО И ЗА БЛАЖЕНОТО МОЛЧЕЊЕ
ЗА ПОМИСЛИТЕ; ЗА БОГОХУЛНИТЕ И ОСТАНАТИТЕ ЗЛИ ПОМИСЛИ
ЗА ТЕЛЕСНИТЕ СТРАСТИ; ЗА УНИНИЕТО
ЗА СНОВИДЕНИЈАТА, ГАТАЊЕТО И ПРЕДРАСУДИТЕ
ПОУКИ ЗА МИРЈАНИТЕ
МОЛИТВА НА МАЈКАТА ЗА МРТВОРОДЕНОТО ДЕТЕ
ЗА ЕЛЕОСВЕТУВАЊЕТО (ЕЛЕОПОМАЗАНИЕТО)
ЗА ПРИЧЕСТУВАЊЕТО СО СВЕТИТЕ ХРИСТОВИ ТАЈНИ
ЗА БОЖЈАТА СЕМОЌ; ЗА ЧОВЕЧКАТА ДУША
ЗА ПАТИШТАТА КОН СПАСЕНИЕТО
ЗА ПОКАЈАНИЕТО
ЗА РЕДОВНОТО ИСПОВЕДУВАЊЕ НА ГРЕВОВИТЕ
ЗА ПОСЛУШАНИЕТО; ЗА ГНЕВОТ И ГОРЛИВОСТА
ЗА МОЛИТВАТА; ЗА ЗАЕДНИЧКАТА МОЛИТВА
ЗА КРСТОТ; ЗА ХЕРУВИМСКАТА ПЕСНА

**ЗА ЗАСТАПУВАЊЕТО НА НЕБЕСНАТА ЦАРИЦА**
**ЗА ДОБРОДЕТЕЛТА НА ДЕВСТВЕНОСТА**
**ЗА ВЕРАТА И ВЕРНИТЕ; ЗА ВЕРАТА ВО БОЖЈАТА ПРОМИСЛА**
**ЗА ДОБРИТЕ ДЕЛА; ЗА СМИРЕНИЕТО**
**ЗА САМОПОНИЖУВАЊЕТО**
**ЗА ЕДИНСТВЕНОТО ПОТРЕБНО**
**ЗАПИСИ ОД ДНЕВНИКОТ**

***<u>Извадоци од книгата:</u>***

Себеспознанието всушност е „Наука над науките", сознавање на својата ништожност, победа над страстите, очистување на совеста. Тоа значи: никогаш да не се нервираш, на никого да не се налутиш, да ги љубиш сите, дури и своите непријатели; да не се воодушевуваш од никого и од ништо, да живееш во Бога заради Бога и ближните, т.е. цврсто да стоиш сам на патот кон спасението и да одиш по него, помагајќи им на другите и спасувајќи ги ближните.

Како од духовно позрелите, така и од почетниците, отец Сава барал да не ја градат својата среќа врз солзите на ближниот, да работат на очистување на своето срце од гревовите и пороците, и да научат да ги проштеваат сите навреди, да научат добродушно да ги поднесуваат жалостите, клеветењето, неправедните жалби и поплаки како и болестите. Ги учел чедата да живеат заради другите, заборавајќи притоа на себе.

† † †

Најдоброто објаснување на непријателството на светот кон вистинските христијани, се наоѓа во зборовите на Господа: *„Да бевте од овој свет, тогаш светот ќе го љубеше своето; но бидејќи не сте од светот, туку Јас ве избрав од светот - затоа светот и ве мрази."* (Јован 15, 19) како и во изреките на Светите Отци : "Волкот нема да ја брка овцата која е нацртана на слика, а светот нема да го прогонува христијанинот само заради неговото име. Но ако христијаните со својот живот, го оправдаат своето име, тогаш ги исмеваат, хулат на нив и ги мразат"; *„И ќе бидете намразени од сите заради Моето име"* (Мат. 10, 22). Како што во војната нишанат во живите војници, така и светот ги напаѓа живите во духот христијани. Светот, нас не би не нападнал така сложно и силно, ако не гледа во нас потполна спротивставеност на себеси.

Господ Исус Христос со крепост во верата и надежта ги утешува вистинските христијани и им говори *„Во светот ќе имате маки; само не бојте се, зашто Јас го победив светот"* (Јован 16, 33).

† † †

Ако не се разобличиме овде, ќе бидеме разобличени на Страшниот Суд. Самооправдувањето е голем грев. Никого не смееме да го обвинуваме за своите падови, за своите гревови. Виновниците за нашите гревови сме ние самите, нашата зла волја. И не треба да се срамиме во разоткривањето на своите гадотии. Потребно е да жртвуваме сè, заради чистотата и светоста наша, само да не загинеме! Има и праведни блудници, само што е потребно искрено покајание и да не се погреши повторно.

Да се плашиме од лажната праведност, фарисејството – говореше отец Сава – штом помислиме за себе добро, е тоа е несреќа! Таквите мисли се гадост пред Бога. Да бидеме свесни за својата

ништожност и ќе се спасиме. Затоа треба добродушно да поднесуваме клевети, прекори, лажни обвинувања. Тоа ќе ни помогне да го сочуваме чувството на својата ништожност, и не очајувајќи, да пребиваме со умот во адот.

† † †

За да му служи на народот во подвигот како старец, отец Сава тргнал поради исполнување на Божјата волја, и заветот на своите учители, и до последните денови од својот живот, самопожртвувано го носел овој подвиг. Неговата светла личност ја расејува и во потполност ја поништува лажната претстава на некои мирјани, во врска со наводната неактивност и јаловост на монасите. Според нивното мислење, во монашка одежда се облекуваат само оние кои се отфрлени од животот, кои не сакаат да се потрудат, кои не сакаат за ништо да се грижат.

Заминувајќи од светот, старецот во потполност се предаде во служење на народот, за да го спаси светот. Неговиот начин на живот и целиот негов изглед, не биле онакви какви ние си ги замислуваме подвижниците, пустиножители, отсечени од обичниот живот, луѓе-аскети. Ова не бил строг, суров подвижник, од којшто посетителот од светот ќе се исплаши кога ќе му се приближи, туку срдечен, полн со љубов старец, кој зрачи со духовна радост. Неговиот живот бил секогаш тесно поврзан со животот на луѓето. Милосрдието и евангелската љубов кон народот, со кои било зафатено целото негово битие, уште повеќе го вдахновиле на служењето како старец, коешто го земал на себе по смртта на своите учители.

† † †

Ете колку е голема силата на црковната молитва! Затоа и јас ви ја давам таквата заповед, љубени чеда мои: Љубете го храмот Божји! Не ги пропуштајте црковните служби. Самиот Христос ја уредил Светата Црква. Тој по своето неискажано милосрдие и долготрпение, не ја сака смртта на грешниците. Тој никогаш нема да допушти човекот да пропадне, без претходно да не се обиде да го вразуми. Како чедољубив отец, Господ многу се труди за нашето спасение, не усмерува кон таа цел, ги поправа нашите гревови и нѐ удостојува со вечни добра. Низ Светите Тајни, Господ му проштева на грешникот и го осветува со даровите на Светиот Дух…

Отец Сава говореше понатаму:

– Чувајте го Божјиот дар – совеста. Таа нѐ соединува со небото и ја покорува нашата кревка и грешна волја на Светата и Сесилна волја Божја. Совеста – тоа е Божјиот глас во срцето на човекот, гласот на Ангелот Чувар. Грижливо да бидеме чувари на нашата совест, чувајќи ја од влијанието на сѐ што е лошо, што би можело да ја ослаби, расипе и уништи, за потоа, да не може повеќе да биде гласот Божји. Кога луѓето не го слушаат Божјиот глас во своето срце, и кога замолкнува нивната совест, тогаш повеќе не се плашат да грешат. За човекот кој така постапува, се вели дека нема совест, дека ја загубил.

Ништо не се може против совеста. Некои луѓе себеси потполно се залажуваат, и дома и на работа. Да бидеме праведни и искрени - да бидеме христијани, не само по името, туку и на дело. Некои пак лажно се срамат, лажно се плашат - сами измислуваат дека некој ги следи и се плашат да се прекрстат. Како што се вели во Псалтирот: *„Ќе се уплашат тие од страв, таму каде што страв нема…“* (Псалм 52, 5). Не треба да се срамиш од тоа што си христијанин, туку треба да се молиш. Само правилно осенувајте се со крсниот знак - со тоа оружје против мрачната сила: “Господи, Крстот Твој си ни го дал нам како оружје против ѓаволот!“ пее светата Црква. Да не си ги умножуваме своите гревови, со неправилно изобразување на крсниот знак. Невнимателното мавтање со раката е - исмејување на крстот.

† † †

„Секаде да го имаме стравот Божји. Во текот на богослужењето на тоа нѐ потсетува Големата екстенија*: „За овој храм и за оние кои со вера, побожност и страв Божји влегуваат во него на*

*Господа да се помолиме“*. Гледате ли? Кој може да стои во храмот? Само оној кој има страв Божји. Кога се пристапува кон Чашата: *„со страв Божји вера и љубов пристапете“*. Гледате ли колку е неопходен стравот? Без него не може да Му служиме на Господа! За да се научи душата на страв Божји додека се молите, потребно е собирање на умот и давање можност за смирување на душата и мислите, преку одложување на сите земни грижи. *„Блажен е оној човек, кој се бои од Господа“* (Псалм 111, 1). „Каде што е стравот Господов, таму се извршуваат сите заповеди“ велат Светите Отци. Меѓутоа луѓето, се прилепуваат за земјата, се грижат за пропадливото, и со мислите не можат да се одвојат од земјата. Потребно е на земјата да живееме онака, како што се врти тркалото - тоа се допира до земјата само со една своја точка. Старец Партение говорел: „Оној кој стекнал страв Божји, за него на земјата нема ни тага, ни грижа, туку само радост има“.

† † †

На молитвата, старецот ѝ придаваше особено значение. Тој вака говореше:

На земјата нема поважна работа од молитвата. Молитвата ги раѓа и сите останати добродетели. Кај Светите Отци бил законот – да се натераш себеси на молитва: дома, - во Црква, додека работиш разни работи, додека си на прошетка, или во било кое друго време.

Со Господа треба да се зборува што е можно поедноставно. Како син со Татко: не мудрувај додека се молиш! Плаши се од тоа, најсветото Негово Име да не го произнесуваш без учество на умот и на срцето. Кој расеано стои на молитва пред Бога, или пак кој стои во немарност, тој го навредува Господа, и нема да добие благодат, туку осуда.

Во Светото Писмо се вели: „*Проклет да е секој кој немарно го обавува делото Божјо“*. И обратно, кој Му се моли на Бога, макар и со малку искра на вистинска вера, тој неискажливо ќе се радува.

† † †

Старецот схиигумен Сава, исто така учел, дека не треба да се исцрпуваме со прекумерни молитвени подвизи.

– Наутро, кога ќе се разбудиш од сонот – говорел – веднаш целивај го својот крст со молитвата: „Пролеј Господи, капка од Најсветата Твоја Крв, во моето срце исушено од гревови и страсти и од телесни и духовни нечистотии. Амин“. Потоа кога ќе се измиеш и облечеш, застани пред иконите и со топла вера во срцето читај:

„Цару Небесен“, еднаш, “Отче наш“ – трипати, „Богородице Дево, радувај се“ – трипати, „Верувам“ – еднаш. Ова се нарекува правило на преподобниот Серафим Саровски. Потоа читај ги утринските молитви од молитвеникот. После тоа читај го Псалтирот, колку што можеш, макар една катизма или дури една слава!

Старецот на некои им даваше благослов да читаат само по некоку реда, но затоа пак, сите ги советуваше секојдневно, и без пропуст, да читаат од Псалтирот, Посланијата на апостолите и Евангелието – по една глава, или макар едно поглавје. На поревносните во молитвата, отец Сава им даваше благослов да читаат и дополнителни молитви, кои им ги делеше, а кои ги позајмуваше од отците – подвижници на последните времиња.

† † †

Старецот бараше Исусовата молитва секогаш да се носи во срцето, кај и да сме; на многумина им даваше бројаници, иако не беа монаси.

– Таа е најважната, и поради тоа што е кратка, е најпогодна молитва! – говореше. Таа е најсигурниот пат кон спасението! Душата на секој, кој со внимание во срцето ја твори Исусовата молитва, нема да биде повредена од искушенијата на ѓаволот. Самиот Господ се вселува во срцето на оној којшто ја чита. Засакајте ја осаменоста! Учете го своето срце на непрестајна молитва!

Каква само радост се стекнува од тоа! Господ тогаш престојува во вашата внатрешност, и поради тоа станувате трпеливи, полни со љубов, смирени. На оние коишто ја стекнале Исусовата молитва, Бог им дарува небесна љубов кон сите, дури и кон непријателите. Потрудете се да ја здобиете таа света, небесна радост, за да можете заедно со Ангелите да се радувате на своето покајание, и на покајанието на секој заблуден човек. Но, колку што е Исусовата молитва едноставна и кратка, толку е и тешка. За да ја свиете во срцето, пред сѐ, треба да се потрудите за негово очистување. Кажи ѝ на душата: „Доста се трудевме за суетните, пропадливи нешта, доста му служевме на гревот, ајде сега да се сетиме на најважното – стекнувањето на благодатта, и без мрзливост, да Му служиме на Бога“, како што се вели во утринската молитва: „Порано му служев на лажливиот сатана, а сега, пред сѐ, ќе ти служам Тебе, Господи, и на мојот Бог Исус Христос во сите денови на мојот живот“. И треба да го замолиме Господа да нѐ очисти и освети! А самото барање на Господа – е радост за срцето. *„Нека се весели срцето на оние кои го бараат Господа“* (Псалм 104, 3). И она што се бара, секако ќе се најде, затоа што, Тоа самото одамна и желно нѐ бара нас. *„Барајте и ќе најдете...“, „Секој кој моли, ќе добие“.* Немојте да помислувате дека Господ не ги слуша молитвите. Тој прв се грижи за исправање на грешниците. А луѓето, не сакаат малку да се борат против себе, малку да се притеснат, туку во својата малодушност едноставно, не дозволуваат Господ да ги спаси, и да им помогне.

† † †

Кај оној кај когошто силно е развиена страста на празнословието, на кого му е тешко без собеседник, кој се плаши од осаменоста, која се плаши да остане сам со себеси, тој треба со солзи да Го моли Господа, да му помогне да се избави од расеаноста и невниманието кон себеси, да го научи да се моли, и да проникнува во своето срце, следејќи ја секоја своја постапка, и сите свои мисли и дела, да ги насочува кон Бога. Постојано треба да повикува: „Господи, помогни ми да се избавам од празнословието и од напразното размислување, и научи ме на богомислие!“

Времето е кратко и треба да го чуваме. Секој ден, и секоја минута, треба да ги посветиме на вечноста. Губењето на време не може да се дополни! „Губитокот на времето е потежок од било кој друг губиток“, велат Светите Отци. Значи, ако човекот изгуби голема количина на пари, тоа не е толку страшно и драгоцено, затоа што, како прво, може да се дополни, и што е најважно - без пари може да се живее некое време, но ако човекот го изгуби драгоценото време коешто можел да го употреби за свое спасение, и за спасение на своите ближни, тогаш губи повеќе од милиони, затоа што со никаква материјална скапоценост нема да може да ја откупи својата душа од адот, затоа што душата ќе го избегне адот, ако нејзиниот живот е исполнет со добродетели, т.е. кога човекот сите часови и минути од својот живот ги употребува за молитва, за добри дела, за умножување на верата, надежта, љубовта и на здобивање на сите добродетели.

† † †

Да не ја одбегнуваме можноста да направиме добро дело, да примаме гости. Господ на Страшниот Суд нема да нѐ праша: „Колку молитви прочитавте?“, туку: „Необлечен бев, и дали ме облековте? Гладен бев, и дали ме нахранивте? Во затвор бев, и дали ме посетивте?“ За таквата сомилост каква што е утешувањето на сиромашниот, помош на некој во староста, примањето под својот покрив на оној кој е беспомошен, кој нема никој свој, ќе здобиеме голема милост од Господа! Ете што очекува Господ од нас: милосрдност и простување на оние кои нѐ навределе. Голема добродетел е – да се молиш за оние кои те навредуваат! *„Отче, прости им, оти не знаат што прават!“* (Лука 23, 34). *„Проштевајте, ако имате нешто против некого, па и вашиот небесен Отец да ви ги прости вашите гревови“* (Мар. 11, 25).

Големо Божјо дело ќе сториме ако го утешиме натажениот, зошто тагата носи духовна смрт. Добро е да се читаат свети книги, да се посетува храмот, но не помалку добро, е да се утешува ближниот ако за тоа има потреба. Оној кој нема сомилост и милосрдност кон луѓето, нека се

уплаши од зборовите на Светото Писмо: *„Оти судот ќе биде безмилостен спрема оној кој не покажал милост“* (Јак. 2, 13). А милостивите ги очекува голема милост на последниот Суд. *“Блажени се милостивите, затоа што ќе бидат помилувани!“*

Милостињата е воведена не поради оние кои ја примаат, туку поради оние кои ја даваат, затоа што овие, вторите, од неа добиваат поголема полза. Добрите дела им носат полза не толку на оние кои примаат, колку што им носат на оние кои даваат, затоа што таа добродетел им дава смелост пред Бога. Подобро е да даваш, отколку да бараш!